

Управување со трошоците е како водење на здрав животен стил, а не реакција кога организмот, поточно фирмата веќе има здравствени проблеми. Можеби имате досега слушнато, а и ние во нашите текстови спомнувавме дека бизнисот е како жив организам. А еве и зошто е тоа така.

Ајде да го споредиме некој бизнис со човечкиот организам со сите негови органи:срце, мозок, гради, мускули...Како и во бизнисот, во човечкиот организам се одвиваат одредени процеси. Ние мораме да јадеме за да обезбедиме енергија за функционирањето на нашиот организам. Исто е и во бизнисот.

Првата работа кога осетиме дека сме здебелени и дека салото почнува да ни го загрозува здравјето е шок терапија – теретани, трчање по паркови, ригорозни „ананас„ диети...Но ваков вид на шок терапија само дополнително ќе го ослаби нашиот организам. Исто е и со бизнисот. Кога бизнисот почнува да се здебелува , кога салото – обврските почнуваат да го гушат бизнисот, менаџерите го прават исто – ригорозни диети. Но

доколку се претерува во диетата, па менаџерите почнуваат да штедат на самиот производ/услугата тогаш тоа не е добро за самото претпријатие. За да не дојдете во ваква состојба, морате правилно да управувате со вашите трошоци – здрав животен стил.

Да видиме како одредените делови на компанијата функционираат и како тие можат да допринесат кон правилното управување со трошоци.

**Човечки ресурси**

Парите се енергија. Тие се како калории. Ако на ги искористиме тие ќе ни се претворат во сало. Така доколку земеме одреден кредит и не го искористиме како треба, тој ќе ни се претвори во сало – обврски. Но доколку го потрошиме како треба со тие калории ќе ги зголемиме нашите мускули. Храната што ја произведува енергијата и го раздвижува нашиот бизнис се нашите вработени. Но доколку вработените ги распоредиме на погрешни работни места, или доколку ангажираме неадекватни и нестручни лица, тоа само ќе ни прави дополнителни трошоци, а нема да креираат дополнителна вредност.

**Сектор на набавка**

Ова е еден од оние сектори кои што троши најмногу пари. Поради ова, секторот што е задолжен за човечки ресурси мора на оваа место да постави адекватен човек, бидејќи доколку имаме човек што не знај да преговара со нашите добавувачи, што не знај да избере најдобра понуда или да пазари во вистинскиот момент, тогаш нашиот бизнис ќе има голем проблем.

**Менаџмент**

Менаџментот е мозок на нашиот бизнис. И тука секторот за човечки ресурси мора да најди адекватен менаџер кои што ќе управува со бизнисот. Донесување на адекватни и вистински одлуки има за последица адекватно трошење на пари.

**Финансии**

Финансиите се срцето на нашиот бизнис. Тие треба да го снабдуваат нашиот бизнис со пари, поточно да не снабдуваат со здрави пари. Финансискиот сектор исто така не снабдува со информации за финансиското работење, ги донесува одлуките за дополнителното задолжување, управуваат со готовинскиот тек. Секоја погрешна одлука на овој сектор буквално пари ќе не чини.

**Маркетинг**

Овој сектор е дежурен кривец за се! Тие редовно се оптужени дека трошат пари на разни глупости. Но поради овој сектор фирмата продава. Маркетингот можи да се посматра како кожата на бизнисот – тоа е прво што купувачите го гледаат. Поради ова мораме да го негуваме. Парите вложени во маркетинг се инвестиција. Од тие причини треба да водиме сметка за инвестирањето, бидејќи доколку инвестицијата пропадни, ќе пропаднат и очекуваниот приход од инвестицијата.

**Логистика**

Неадекватно складирање на производите, како и лошо планирање на самото складирање, може да направи дополнителни трошоци. Тоа е исто како кога во теретана ги вежбате само рацете и нозете, но не и стомакот.

**За крај**

Управување со трошоците е исто како и водење на здрав животен стил

Никогаш немојте да заштедувате на самиот квалитет на производот.